СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба	Вторник 18 Март 2014 година Број 03/2014 год.	Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување на подрачјето на општина Радовиш за 2013 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување на подрачјето на општина Радовиш за 2013 година, бр. 07-554/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-554/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 17.03.2014 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување на подрачјето на општина Радовиш за 2013 година

И. Се усвојува Извештајот за за реализација на Програмата за јавно осветлување на подрачјето на општина Радовиш за 2013 година, бр. 22-33/30 од 24.01.2014 г.

ИИ. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 07-554/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на Статутот на ЈОУДГ ”Ацо Караманов” во Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на Статутот на ЈОУДГ “Ацо Караманов” во Радовиш, бр. 07-555/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 18.03.2014 год.

Бр. 08-555/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл. 21 ст.1 т. 31 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 17.03.2014 г., донесе

ОДЛУКА
За давање Согласност на Статутот на ЈОУДГ “Ацо Караманов” во Радовиш

член 1

Се дава Согласност на Статутот на ЈОУДГ “Ацо Караманов” во Радовиш, бр. 25-185/4од 28.02.2014 година.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-555/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештајот за работа на ЈУ МЦСР Радовиш за 2013 година

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештајот за работа од ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2013 г. , број 07-556/1 што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-556/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врзоснова на член 15 т.7, а согласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 17.03.2014 год., донесе

ЗАКЛУЧОК
За прифаќање на Извештајот за работата на ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2013 година

I. Се прифаќа Извештајот за работа ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш за 2013 година.

II. Советот на општината информативно го разгледува Извештајот за 2013 година поради тоа што за спроведување на активностите ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Радовиш е одговорен пред Министертсвото за труд и социјална политика на Република Македонија.

III. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-556/1	Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г.	Претседател
Радовиш	Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката и Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Радовиш за 2014 година

Ги прогласувам и објавувам Одлуката и Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Радовиш за 2014 година, број 07-557/1 и број 07-557/2, што советот на општина Радовиш ги донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-557/3	Градоначалник на
18 Март 2014 г.	Општина Радовиш
Радовиш	Сашко Николов с.р.

Врзоснова на член 22 став 1 т.1 и 4, а согласно член 21 став 1 точка 11 и 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 17.03.2014 год., донесе

ОДЛУКА
За прифаќање на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Радовиш за 2014 година

И. Се прифаќа Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Радовиш за 2014 година.

ИИ. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во <Службен гласник на општина Радовиш<.

Бр. 07-557/1	Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г.	Претседател
Радовиш	Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 80 од Законот за градење („Службен весник на Р.Македонија", 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14 и 28/14) и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 17.03.2014 година, донесе

ПРОГРАМА
за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Радовиш за 2014 година

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставува, начинот и условите за нејзино поставување, дислоцирање и отстранувањето на урбаната опрема на подрачјето на Општина Радовиш.

I. ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лицата со хендикеп.

При поставување на урбана опрема не смеат да се преземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

Минималната широчина на јавната површина на која може да се постави урбана опрема, изнесува 3,2м, а за поставување на монтажно-демонтажен или типски објект од лесна конструкција истата треба да изнесува минимум 4,5 м.

При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0,80м. од рабникот на коловозот /за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др./ односно 1.5м до 2,5 м од рабникот на коловозот /за автобуски стојалишта, тезги, дрвореди/.

Минимална височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2.4м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3,2м над слободната проодна површина.

Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.
Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, по завршувањето на манифестацијата се отстранува од јавната површина.

При поставување на урбана опрема, сопственикот е дожен да обезбеди:
- соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период /електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл./ од соодветните јавни претпријатија и други правни лица / даватели на услугите / односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инраструктурата;
- примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови – со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и иналидитет и сл.
- согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставување на урбана опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

Урбаната опрема се поставува согласно Програмата и истите може да бидат со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

При поставувањена урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

Урбаната опрема може да биде само приземна, со максимална висина на венец до 3,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач /само како заштита на објектот/, со кота на приземја не повисока од 15 см.

ИИ. ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА И ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА НЕЈЗИНО ПОСТАВУВАЊЕ

Тераси, шанкови и натстрешници
Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречно безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 63/12), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини – тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот/пешачки движења на лица со хендикеп, пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возило на јавни служби).

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони или други слични материјали. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. При тоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот кон улица и негово натрупување визуелно експонирано.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси, дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, натстрешници, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др. не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Исклучително во пешачка зона, на плоштади, кеј и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса се поставува на начин утврден со елаборат. Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата, бојата, димензиите и др.

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнителна опрема како фрижедери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.
Чадорите се со минималната слободна височина од 2,4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткрива само одобрената површина и не смее да биде прицврстена за подлогата.

Тендите се типски – монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси минималната слободна всочина изнесува 3.2м.

Поставена и монтирана тендата смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса.

Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од едната страна заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Настрешница е лесен монтажно - демонтажен елемент кој се поставува на четири или два цтолба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло механизам.

При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3,2м.

Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Оградите и жардињерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8м.

Оградите и жардињерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали со високоестетско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона односно истите се поставуваа само помеѓу соседни летни тераси.

Летни дискотеки
При нивно поставување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.

Летни дискотеки се поставуваат со Програма донесена на Совет на општина Радовиш.

Покриени и отворени шанкови
Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, на реализирана партерна јавна површина, покрај водни и рекреативни површини.
Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

Информативни паноа
Информативните паноа служат за јавна намена, за инфомрирање на граѓаните (карта на општина Радовиш, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

Самостоечки рекламни паноа
Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ“ бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11 и 27/14) и посебен акт на општина Радовиш.
Опрема за забава на деца и детски игралишта
Опремата за забава на деца може да се постави на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни

површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште, во склоп на школски дворови, со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Детско игралиште може да се постави и во уредено зеленило.

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци
Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има безбеден поплочен простор со димензии од 1,0мх1,2м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на ојекти.

Паркиралишта за велосипеди
Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди на општина Радовиш.

Жардињери, граничници
Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максимална висина на жардињерите и граничниците е 0,80м.

Тезги
Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја, соодветни на спецификите на локацијата

Максималната површина на тезгите изнесува 2,0м2 до 4,0 м2 и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста.

Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

Елементи за изложување на производи
Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставуваат покрај ѕидот на локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот, што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застакленување и слично)

Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Идејните решенија на урбана опрема која ќе биде поставена треба да бидат во согласност со микролокациските услови, со високи естетско-функционални вредности и вклопеност во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

Привремени паркинзи и приодни патеки
Привремени паркинзи и приодни патеки на изградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно можат да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,80м).

Платформи
Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа Програма.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

Монтажно демонтажни типски објекти
Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16,0м2, кои можат да се постават на одредени места. Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за

продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи.

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно-промотивни или деловно-информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

Обликовни услови:

- монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда.
- На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата, која го користи (врши дејнсот) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект поеќе од 50 см.
- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација иклиматизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

Сообраќајни услови

- Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5м. До 2,5м, а од раскрсница мин. 10,0м од почетокот на радиусот за десно свртување.

Технички услови

- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница, да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација (мијалник-тоалет).

- Подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен, материјал кој не впива и кој лесно се чисти.

Автобуски постојки

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласнсот со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0м2 до 16,0м2 и висина до 4,0м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 1,5м.

Објекти за обезбедување

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0м2. За нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

Јавни санитарни јазли

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0м2, а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м2.

Телефонски говорници

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5мх1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

ИИ.НАЧИН И УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Согласно Закон за градење („Службен весник на Р.Македонија“, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14 и 28/14) , урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на Општината Радовиш.

Урбаната опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема кое го издава Градоначалникот на Општина Радовиш.

Точното позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластен геодет од страна на Општина Радовиш.

Општина Радовиш согласно Законот за градење води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловна просторија, одобрението за поставување може да се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено одобрение за вршење дејност, од страна на Градоначалникот на општина Радовиш.

Кога просторот пред деловната прсоторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловна просторија.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:
- дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации и др.)
- краткотрајно, за период од 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.)
- сезонско за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.),
- годишно за период до 1 година (угостителство, трговија, градилиште и др.)

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до Градоначалникот на Општината.

Одобрение за поставување на урбана опрема се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

- За урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа:
продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед;

1. Одобрение за вршење дејност;
2. Елаборат за поставување на урбана опрема;
3. Доказ за регулирано плаќање на комунална такса;
4. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

- За урбана опрема која се поставува за вршење на дејност и тоа:
тераси со или без настрешници, покриени и непокриени шанкови:

1. Одобрение за вршење дејност;
2. Елаборат за поставување на урбана опрема;
3. Доказ за регулирано плаќање на комунална такса;
4. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

- За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, дополнителни монтажно-демонтажни паркинг простори, рекламни паноа, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти:
1. Основен ревидиран проект;
2. Геодетски елаборат со нумерички податоци;

Клупи, чешми, корпи за отпадоци, телефонски говорници,автобуски постојки, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење на дејност

1. Елаборат за поставување на урбана опрема;
2. Геодетски елаборат со нумерички податоци.

Постапката по барањето ја спроведува надлежниот Сектор за урбанизам и животна средина, комунални работи и ЛЕР.

Надлежниот сектор на Општината врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето, од аспект на усогласеноста со одредбите на законите и прописите донесени врз основа на закон, општите и посебните стандарди.

III. Извори на финансирање на Програмата
Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Радовиш се финансира од Буџетот на Општина Радовиш за 2014 година.
1. Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема.
Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

IV. Динамика на реализација на програмата
Динамиката на реализација на програмата ќе зависи од создадените правни и технички услови.
V. Вршење надзор
Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење („Службен весник на Р.Македонија“, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14 и 28/14)

VI. Преодни и завршни одредби
Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Радовиш во соработка со Сектор за урбанизам и животна средина, комунални работи и ЛЕР.

VII. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Радовиш“.

Бр. 07-554/2	Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г.	Претседател
Радовиш	Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Програмата за измена и дополнување на
Програмата за урбанистичко планирање за општина
Радовиш за 2014 година, број 07-2564/2 од 20.12.2013г.

Ја прогласувам и објавувам Програмата за измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2014 година, број 07-2564/2 донесена на 20.12.2013 г. , бр. 07-558/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-558/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/13 и 163/13), член 50 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 43 точка 1 и точка 12 од Статутот на општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.05/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 17.03.2014 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2014 ГОДИНА

1. Во точка 2, се дополнуваат ставките под реден број 8 и 9 од табеларен дел II. Вкупниот износ од табеларниот дел II се менува на 1.505.000,00 денари.

Реден Број	Детален урбанистички план	Површина (ha)	Износ денари
8.	Измена и дополнување на ДУП за УБ 20	2,3	34.500,00
9.	Измена и дополнување на ДУП за УБ 18	0,7	10.500,00

2. Во точка 2, табеларен дел III се бришат ставките под реден број 4, 5, 6 и 7. Ставките под реден број 15, 16, 17 и 18 стануваат 4, 5, 6 и 7 соодветно.

3. Се дополнува точка 2 со табеларен дел VII.

VII. Локална урбанистичка планска документација документација

Реден Број	Локална урбанистичка планска документација	Површина (ha)	Износ денари
1.	ЛУПД за потреби на општина Радовиш		
2.	ЛУПД за потреби на останати Инвеститори		

4. Се дополнува точка 2 со табеларен дел VIII.

VIII. Општ акт

Реден Број	Општ акт	Површина (ha)	Износ денари
1.	Општ акт за с.Јаргулица	50.0	90.000,00
2.	Општ акт за с.Подареш	60.0	90.000,00
3.	Општ акт за с.Покрајчево	40.0	90.000,00
4.	Општ акт за с.Ињево	85.0	90.000,00
		ВКУПНО:	360.000,00

5. Се заменува точка 3 од Програмата со точка 6.

6. ФИНАНСИРАЊЕ

За финансирање на ставките од програмата Ф1, потребните средства ќе се обезбедат од:

Реден Број	**Програма**	**Износ денари**
1.	Буџет на општина Радовиш за 2014 год.	6.000.000,00
2.	Програма за финансиска подршка на руралниот развој за 2013 год.	2.200.000,00
3.	Програма за финансиска подршка на руралниот развој за 2014 год.	2.875.000,00
	ВКУПНО:	**11.075.000,00**

7. ПРЕОДНИ И ЗАВРШИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на годишната Програма за изработка на урбанистички планови, општина Радовиш како нарачател на планот склучува договори за изработка на планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/13 и 163/13) со правни лица кои имаат лиценци и планери кои поседуваат овластувања за изработка на урбанистички планови.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш“.

Бр. 07-558/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за прифаќање на Ситуационо решение
согласно Основен проект за изградба
на улица "Дане Трајков" во Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прифаќање на Ситуационо решение согласно Основен проект за изградба на улица "Дане Трајков" во Радовиш, бр. 07-559/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-559/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија" бр.05/02), по овластување на Градоначлникот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 17.03.2014 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на ситуационо решение согласно
Основен проект за изградба на улица „Дане Трајков"

Член 1

Се усвојува новопроектирано ситуационо решение за улица „Дане Трајков" согласно Основен проект за изградба со технички број 02-570 од 23.12.2013 год. изработен од страна на ДГ „СИВИЛ ИНЖЕНЕРИНГ" доо од Скопје, за кој е изработен Извештај од извршена ревизија на техничка документација со техн.бр. 230/9 од страна на ДП „ПЕЛА ПРОЕКТ" дооел од Скопје.

Член 2

При измена и дополнување на Детален урбанистички план за Урбан блок 25 да се прифати новопроектираното ситуационо решение за улица „Дане Трајков" согласно Основниот проект за изградба со технички број 02-570 од 23.12.2013 год. изработен од страна на ДГ „СИВИЛ ИНЖЕНЕРИНГ".

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-559/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање согласност на барателот
правно лице Флорес доо Радовиш за отпочнување на
постапката за изготвување ЛУПД со намена на
просторот Г2, Стопански комплекс Раклиш-Ораовица

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на барателот правно лице Флорес доо Радовиш за отпочнување на постапката за изготвување ЛУПД со намена на просторот Г2, Стопански комплекс Раклиш-Ораовица, бр. 07-560/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-560/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 15-а, член 16 став 4 и член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање пречистен текст (Сл.Весникна РМ бр.70/2013, 55/2013 и 163/2013), и чл.50, ст.1 точка 5од Законот за локална самоуправа (Сл.весникна РМ бр.5/2002) и чл.43, точка 1 и 12 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник бр.5/2002), по однос на поднесеното барање, бр.26-527/1 од 11.03.2014 г. од правното лице Флорес доо Радовиш. Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 17.03.2014 год. донесе

ОДЛУКА
за давање согласност на барателот правно лице Флорес
доо Радовиш за отпочнување на постапката за
изготвување ЛУПД со намена на просторот Г2,
Стопански комплекс Раклиш-Ораовица

чл.1

Со оваа Одлука се дава согласност на барателот правното лиуце Флорес доо Радовиш, за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД со намена на просторот Г2, Стопански комплекс Раклиш-Ораовица, со површина на опфат од 4,5 ха.

чл.2

Трошоците за изработка наа Локалната урбанистичка планска документација и Стручната комисија формирана од страна на Градоначалникот со решение бр. 08-102/1 од 12.07.2013 год. барателот е должен на своја сметка да ги надомести.

чл.3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 07-560/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за утврдување на Нацрт-Планот
за донесување на ДУП за дел од УБ 9-Б
за град Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за утврдување на Нацрт-Планот за донесување на ДУП за дел од УБ 9-Б за град Радовиш, бр. 07-561/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-561/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање пречистен текст (Сл.Весникна РМ бр.70/2013, 55/2013 и 163/2013), чл.22, ст.1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весникна РМ бр.5/2002) и чл.15, ст.1, т.1 и чл.21, ст.1 т.7, од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник бр.5/2002). Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 17.03.2014 год. донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ПЛАНОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД УБ 9-Б ЗА ГРАД РАДОВИШ

чл.1

Со оваа Одлука Советот на општина Радовиш го Утврдува Нацрт планот за Измена и допуна на ДУП за дел од УБ 9-Б за град Радовиш со површина на опфат од 7,80 ха. дефиниран со следните граници:

- На исток границата започнува од пресечна точка на ул.бр. „2„ со ул. „Кеј 8-ми Септември„ и се движи на југо-исток по осовината на улица „Кеј 8-ми Септември„ се до КП.бр.4183/1.
- На југ границата започнува од КП бр. 4183/1 и се движи на запад по границата на урбан опфат на град Радовиш се до КП бр.4172/1
- На запад границата започнува од КП бр. 4172/1 и се движи на север по осовината на ул. бр. „1„ се до пресекот на ул.бр. „2„
- На север границата започнува од пресечната точка на улица бр. „1„ и улица бр. „2„ и се движи на исток по осовината на улица бр. „2„ се до пресек со улица „Кеј 8-ми Септември„

чл.2

Нацрт планот на овој ДУП во основа е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, прочистен текст (Сл.весник на РМ бр.60/2011, 144/2012 и 163/2013).

чл.3

Констатирано е да на овој Нацрт план има извршено Стручна ревизија од овластено правно лице „ТАЈФА АРХИТЕКТИ„ дооел Куманово, со Тхе.бр.099/12/13 од декември 2013 година.

чл.4

Има Одговор на стручната ревизија од изготвувачот „Дизајн центар инженеринг„ Трајче дооел Кавадарци, на забелешки и сугестиите од стручната ревизија на ревидентот, изготвувачот одговара позитивно односно ги прифака.

чл.5

Од страна на Стручната комисија при Општина Радовиш има изготвено Стручно мислење заверено под бр.26-2603/1 од 27.12.2013г.

чл.6

Советот на општина Радовиш целосно е запознаен со постапката и претрпените измени и допуни на овој Нацрт план.

чл.7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во Службен гласник на општина Радовиш.

Бр. 07-561/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за сопствено учество во проектот "Изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација-ЛУПД за монтажно училиште во село Покрајчево, ЛУПД за Мулти функционално игралиште во село Ораовица и ЛУПД за Дом за култура во село Ораовица

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за сопствено учество во проектот "Изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација-ЛУПД за монтажно училиште во село Покрајчево, ЛУПД за Мулти функционално игралиште во село Ораовица и ЛУПД за Дом за култура во село Ораовица, бр. 07-562/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-562/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина

Радовиш“ бр.5/02), Советот на Општина Радовиш на седница одржана на 17.03.2014 година донесе

ОДЛУКА
За сопствено учество на проект

Член 1

Со оваа одлука се утврдува сопственото учество во висина од 180.000 денари, односно 50% од вкупниот износ на проектот:

„Изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација-ЛУПД за монтажно училиште во село Покрајчево, ЛУПД за Мулти функционално игралиште во село Ораовица и ЛУПД за Дом за Култура во село Ораовица“, кој проект општина Радовиш ќе го аплицира на повикот за поднесување на проекти за развој на селата објавен од страна на Бирото за регионален развој на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш “.

Бр. 07-562/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за сопствено учество во проектот “Изработка на комплетна техничка документацијa за регионален пат Р-2431 на планина Плачковица”,

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за сопствено учество во проектот “Изработка на комплетна техничка документацијa за регионален пат Р-2431 на планина Плачковица”, бр. 07-563/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-563/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Радовиш („Службен гласник на Општина Радовиш“ бр.5/02), Советот на Општина Радовиш на седница одржана на 17.03.2014 година, донесе

ОДЛУКА
За сопствено учество на проект

Член 1

Со оваа одлука се утврдува сопственото учество во висина од 480.000 денари, односно 20% од вкупниот износ на проектот:

„Изработка на комплетна техничка документацијa за регионален пат Р-2431 на планина Плачковица“, кој проект општина Радовиш ќе го аплицира на повикот за поднесување на предлог-проектит за развој на подрачја со специфични развојни потреби објавен од страна на Бирото за регионален развој на Република Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш “.

Бр. 07-563/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката и Акцискиот план за родова рамноправност за 2014-2015 г. во општина Радовиш

Ги прогласувам и објавувам Одлуката и Акцискиот план за родова рамноправност за 2014-2015 г. на подрачјето на општина Радовиш број 07-564/1 и број 07-564/2, што советот на општина Радовиш ги донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-564/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 14 ст.6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (Сл.весник на РМ бр.6/2012), а согласно член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 17.03.2014 год., донесе

ОДЛУКА
За прифаќање на Акциониот план
за родова рамноправност во општина Радовиш
за 2014-2015 година

I. Се прифаќа Акциониот план за родова рамноправност во општина Радовиш за 2014-2015 година.

II. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Радовиш”.

Бр. 07-564/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ(2014-2015год)

Содржина

1.Профил на општинаРадовиш.....2
2.Вовед.....4
3.Приоритетни области на работа, дефинирање на цели, активности и механизми за мониторинг и евалуација.....6

1.ПРОФИЛ НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Сместена во југоисточниот дел од републиката општина Радовиш го зафака северозападниот дел од пространата радовишко - струмичка котлина, односно горното сливно подрачје на реката Радовишка. Северниот дел припага на планината Плачковица, јужниот дел на планината Смрдешник, на северозапад се наога ридестиот дел на областа Јуруклук или Дамјанско поле, а на југоисток се протега алувијалната рамнина на реката Радовишка.

Општината Радовиш има добри гравитациско-контактни и функционални врски во правец Северо Запад-Југо Исток, односно Штип и Струмица , од кои градот Радовиш е оддалечен само 35 односно 30 км. Градот Радовиш е сместен во централниот дел на општината, на надморска височина од 380 м, и претставува општински административе центар со добра местоположба за развој на стопанството.

Како административен центар ги опслужува и жителите на општина Конче бидејќи во градот Радовиш се сместени сите државни институции кои имаат дејност на регионално ниво.

Површина:

Територијата на општина Радовиш со 608 км квадратни се вбројува меѓу средно големите општини.

Населени места:

Во општина Радовиш има една градска и 20 селски населби со вкупен број на жители 28 244. Има само две населби со повеќе од 1000 жители: Ињево и Ораовица, во останатите населби живеат помеѓу 300 и 1000 жители. Во пет населби живеат помалку од 50-тина жители.

Населени места:

Ораовица, Подареш, Јаргулица, Покрајчево, Злеово, Војславци, Султурци, Калуѓерица, Ињево, Аликоч, Коџалија, Бучим, Парналија, Козбунар, Смиланци, Штурово, Супурѓе, Калаузлија, Бучим, Тополница

густина на население	41,5 жители на км 2 просек	79,0
активно население	22 561 или 84,69 %	1 334 738
природен прираст	Наталитет 14,5%, морталитет 12,2 , прираст 6,1%	107 607
миграциони карактеристики	Доселени 2001-2005 - 86 жители; отселени 2001- 2005 - 108 жители;	- 30 992
вработени	4861 или 1,1 % од сите вработени во РМ	460 544
стапка на невработеност	Околу 6800 невработени ; 61,3 % се мажи, 38,1 % се жени; или околу 2,5 % од сите невработени во Републиката	283 132
структура на вработени според дејност	Стопанство 4011; нестопанство 850 ;	
Етничка структура	Македонци - 82 % Турци - 16,2 % Албанци - 0,05 % Власи - 0,08 % Роми - 1 % Други - 0.67 %	
Старосна структура :	Од 0-14 год.- 51,06 % Од 15-64 год.- 39,7 % Над 65 год. - 9,24 %	

СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ :	**Број**	Процент
Незавршено основно образование	12 907	45.7 %
Завршено основно образование	7738	27.4 %
Завршено средно техничко образование	2767	9.8 %
Завршено средно образование	3016	11 %
Сеуште незавршено високо образование	195	0,5 %
Високо образование :	1621	5.6%

Како последица на овие движења во одделни простори од регионот доаѓа до големо демографско празнење. За сметка на тоа во градот Радовиш се отворија процесите на економски, на социјални, на урбанистички, на станбени и на инфраструктурни проблеми непосредно поврзани со пренаселеноста. Освен овие трајни

миграциски движења, во регионот меѓу двете општини се присутни интензивни дневни движења на население и на работна сила.
Дневните миграции се движат од селата кон градот и се последица од повеќе фактори: концентрацијата на стопанските и нестопанските субјекти и ресурси на регионот во градот Радовиш, подобрата сообраќајна инфраструктура, можноста дневните мигранти по работното време да се занимаваат со земјоделството како дополнителна активност, можностите за школување на децата и др.
Иселувањето во странство е присутно поради општата економска ситуација.

Структура на населението според полот:
Во половата структура на населението во регионот во целина се забележуваат одделни незначителни отстапувања во споредба со општата полова структура на ниво на Републиката.
Додека застапеноста на машкото население на државно ниво изнесува 50,06 %, во регионот изнесува 51,3 %. Но, ова отстапување е позначајно во руралните и во понеразвиените општини. Оваа нерамнотежа меѓу половите е сериозен показател за нарушениот баланс на популацијата.
На ниво на целиот регион се забележува постепен процес на стареење на населението: мало опаѓање на учеството на младото население до 14 годишна возраст, а истовремено и пораст на учеството на старото машко население во категоријата над 55 години.

Здравство
Во општина Радовиш работи Ј.З.У ,,Здравствен Дом,,-Радовиш,
7-амбуланти во населените места под управа на Ј.З.О ,,Здравствен Дом,,-Радовиш.
Во градот работат и 10 Приватни здравствени организации од примарната медицинска и стоматолошка заштита и 4 приватни гинеколошки ординации.
Една специјалистичка здравствена ординација е од областа на ортопедијата.
Истотака работат и седум приватни аптеки, во две од нив граѓаните можат да купуваат лекови од позитивната листа.

Социјална заштита
Бр. 07-620/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за давање согласност на барателот
општина Радовиш за отпочнување на постапка за
изработка на Локална урбанистичка планска
документација за КП бр. 1693 во КО Подареш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за давање согласност на барателот општина Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1693 во КО Подареш, бр. 07-621/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-621/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 50-а став (6) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ пречистен текст бр.70/13) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.05/02) и член 21 став 1 точка 6 и точка 7 од Статутот на општина Радовиш („Службен гласник на општина Радовиш бр.05/02“), Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 17.03.2014 год., донесе

ОДЛУКА
за давање согласност на барателот општина Радовиш
за отпочнување на постапка за изработка на Локална
урбанистичка планска документација за КП бр.1693 во
КО Подареш

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на барателот општина Радовиш за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП бр. 1693 во КО Подареш.

Член 2

Трошоците за изработка на Локална урбанистичка планска документација барателот е должен на своја сметка да ги надомести.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник“ на општина Радовиш.

Бр. 07-621/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за користење на автобусот на ЕЛС
Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за користење на автобусот на ЕЛС Радовиш, бр. 07-622/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-622/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 17.03.2014 година, донесе

ОДЛУКА
За користење на автобусот на ЕЛС Радовиш

Член 1

Се одобрува учениците кои учат во средните училишта надвор од Радовиш, а живеат во с.Подареш, с.Ораовица и с.Раклиш, да бидат превезувани од местото на живеење до Радовиш.

Превозот е на сметка на општина Радовиш и ќе трае до 31.03.2014 година.

Член 2

Автобусот ,оже да се користи и од страна на здруженија на граѓании спортски клубови, но да се обезбедат средства за гориво, дневница на возач и амортизација на возилото. Пресметката за амортизација на возилото ја прават службите во општина Радовиш и се уплаќа на сметка на буџетот на општината.

Евентуалната штета внатрешна и надворешна на возилото е на товар на корисникот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Радовиш,,.

Бр. 07-622/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на Советот во општина Радовиш

Го прогласувам и објавувам Заклучокот за прифаќање на Извештаите на работните тела на советот на општина Радовиш бр. 07-623/1, што советот на општина Радовиш го донесе на седница одржана на ден 17.03.2014 год.

Бр. 08-623/2 Градоначалник на
18 Март 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 5/02), Советот на општина Радовиш на седница одржана на 17.03.2014 г., донесе

ЗАКЛУЧОК
За прифаќање на Извештаите на Работните тела
на Советот на општина Радовиш

I. Се прифаќаат Извештаите на работните тела приложени на седница на Советот на општина Радовиш, одржана на ден на 17.03.2014 година и тоа:

-Комисија за здравство и социјална заштита, 6-та седница одржана на ден 13.03.2014 година;

-Комисија за статут и прописи, 7-ма седница одржана на 13.02.2014 година;

-Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина 13-та седница одржана на 13.03.2014 година;

-Комисија за еднакви можности, 6-та седница одржана на 06.03.2014 год. и 7-ма одржана на 14.03.2014 год.;

II.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Радовиш,,.

Бр. 07-623/1 Совет на општина Радовиш
17 Март 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

ДРУГИ АКТИ

Врз основа на чл. 116 ст. 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата (,,Сл весник на РМ,, бр. 23/2013 и 12/2014), Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Ацо Караманов,,-Радовиш, на седницата одржана на ден 21.02.2014 година, донесе:

СТАТУТ
НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
,,АЦО КАРАМАНОВ,,-РАДОВИШ

1.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Ацо Караманов,,-Радовиш (во понатамошниот текст: детска градинка) се уредува: називот, седиштето, дејноста, организационата поставеност, управувањето и раководењето, стручните органи, органот за внатрешна контрола,евиденцијата и документацијата, информирањето, деловната тајна, одбраната, средства за работа на градинката, имотот на градинката, преодните и завршни одредби и други прашања од работата на детската градинка.

Член 2

Одделни прашања што не се уредени со овој Статут може поблиску да се уредат со правилници, одлуки и други акти.

Член 3

Називот на детската градинка е:

Јавна општинска установа за деца-Детска градинка ,,Ацо Караманов,,-Радовиш.

Седиштето на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Ацо Караманов,,-Радовиш е на ул. ,,Ацо Караманов,, бр. 54 во Радовиш.

Скратен назив е: ЈОУДГ ,,Ацо Караманов,,-Радовиш.

Член 4

Детската градинка ,,Ацо Караманов,,-РадовиШ е основана од Собранието на ОпШтина РадовиШ, со РеШение бр. 02-413 од 01.04.1977 година со кое е дадена согласност за работа и со Одлука за преземање на основачките права и обврски над постојната Јавна установа за деца-Детска градинка ,,Ацо Караманов,, Радовиш, бр. 07-888/1 од 22.07.2005 година.

Член 5

Детската градинка има својство на правно лице и се запиШува во Централен регистар на Република Македонија.

Член 6

Детската градинка во правниот промет со трети лица за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и со кои се користи-целосна одговорност.

Член 7

Детската градинка има печат и штембил.

Печатот на Детската градинка е во облик на круг со пречник од 4 см, во средината на печатот е грбот на Република Македонија, а од страната е името на Република Македонија, називот и местото на установата.

штембилот за експедиција на актите е во правоаголна форма со димензии 2,5 Х 5,5 см, со истиот текст како и печатот, со тоа што се остава место за дата и број на актот.

Печатот и штембилот служат за потврдување на автентичноста на актите што ги донесуваат органите на детската градинка и на актите што Детската градинка ги доставува или издава на други органи, организации, институции, установи или граѓани со кои општи.

Член 8

Со печатот и Штембилот располага и го употребува лице овластено од директорот на детската градинка.

Член 9

Промена на називот и статусни промени на детската градинка се вршат во согласност со Закон.

Член 10

Детската градинка ја застапува и претставува директорот.

Во случај на негова спреченост или отсутност Детската градинка Ќе ја застапува и претставува лице Што тој Ќе го овласти.

Член 11

Директорот како застапкик е овластен во име на Детската градинка да склучува договори и врШи други правни дејствија, како и да ја застапува детската градинка пред судови и други органи, организации, установи, институции.

Член 12

Директорот на Детската градинка во рамките на своите надлежности може да овласти друго лице за превземање на одредени правни дејствија.

Член 13

Назначување на лица со посебни овластувања и одговорности со решение врши директорот на детската градинка врз основа на актот за организација и систематизација на работата на Детската градинка.

2. ОРГАНИЗАЦИЈА И СОДРЖИНА НА ДЕЈНОСТА

Член 14

Детската градинка се основа од страна на Советот на општината како јавна установа..

Јавната детска градинка има Статут.

Статутот го донесува органот на управување на установата за деца.

Согласност на Статутот на јавната установа за деца основана од општината дава Советот на Општината.

Член 15

Дејноста на Детската градинка е згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

Дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се обезбедува и остварува во детската градинка преку: згрижување,престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до Шест години нживот, односно до вклучување во основното образование.

Детската градинка:

-организира згрижување и воспитание на деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој во редовните групи или посебни групи по посебни програми во зависност од видот и степенот на попреченоста во согласност со закон;

-обезбедува престој и исхрана и за деца над шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст;

-организира и други скратени вонинституционални активности за деца кои не се опфатени со згрижување и воспитание во детската градинка;

-одделни услуги од својата дејност организира и во други просторни услови;

-дава одредени услуги на деца и семејства;

-организира и други институционални активности за задоволување на специфичните интереси и потреби на детето;

-дава услуги за вршење на дејноста и од повисок квалитет од утврдениот со стандардите и нормативите за вршење на дејноста

Член 16

Во состав на Детската градинка може да се формира советувалиште за деца и родители.

Поблиските критериуми за формирање и работа на советувалиштето ги пропишува Министерот за труд и социјална политика (во натамошниот текст: Министерот)

Член 17

Дејноста на Детската градинка се остварува според програми за остварување на дејноста согласно закон.

Детската градинка е должна, при уписот на детето, на родителите и старателите на деца да им ги претстави програмите кои ги изведува, нивните цели, содржини и методи на работа.

Член 18

Во Детската градинка активностите се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо.

Член 19

Детската градинка запишува и прима деца врз основа на пријави преку целата година.

Ако во Детската градинка односно определен објект има пријавено поголем број на деца од утврдениот број на деца во групите со чл.23 од овој Статут, за приемот решава Комисија за прием на деца.

Составот и начинот на работа на комисијата од ставот 2 на овој член, како и поблиските критериуми за прием на деца во градинката ги утврдува Управниот одбор на градинката во согласност со Советот на Општината.

Комисијата ја именува директорот

Комисијата од ставот 2 на овој член е надлежна да решава и за остварување на правото за партиципација.

По жалба против решението за правото за партиципација на комисијата решава Министерот.

Член 20

Родителите се должни при приемот на детето во градинката да приложат потврда од матичниот лекар за здравствената состојба на детето, односно наод и мислење од соодветна стручна институција за детето со пречки во менталниот развој или телесна попреченост.

Правата и обврските помеѓу детската градинка и корисниците на услугите (родител-старател на детето) се уредуваат со договор

Член 21

Детската градинка според времетраењето остварува програми за:

-целодневен престој;

-полудневен престој;

-скратени програми;

-пилот програми;

-вонинституционални форми за активности со деца

-посебни програми

Детската градинка може да остварува и програма за продолжен престој за деца според потребите и работното време на родителите-старателите.

Член 22

Програмите за целодневен престој траат од 9 до 11 часа и може да се изведуваат претпладне, попладне, целодневно или наизменично,

Програмите за полудневен престој траат од 4 до 6 часа и може да се изведуват претпладне, попладне или наизменично.

Програмите со целодневен престој и полудневен престој опфаќаат згрижување и воспитување на децата и се наменети за деца на возраст до поаѓање во училиште.

Со целодневен престој и полудневен престој можат да бидат опфатени и деца од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст.

Скратените програми траат од 260-600 часа годишно.

Скратените програми се наменети за деца на возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата со или без исхрана на децата.

Скратените програми се наменети и за деца на подолготрајно болничко лекување.

Пилот- програми се програми со посебни педагоШки принципи кои се изведуваат во јавни детски градинки по добиено одобрение од министерот, по мислење на Бирото за развој на образованието.

Вонинституционални активности се кратки програми во траење од три часа дневно, коишто можат да опфатат игри, игровни активности, креативни работилници, детски работилници од подрачјето на културата и уметноста, спортски активности, наменети за деца од три години до поаѓање во основно училиШте, и се организираат и изведуват во детската градинка по добиено одобрение од министерот по мислење на Бирото за развој на образованието.

Со посебни програми во детската градинка може да се организираат и други институционални активности за задоволување на специфичните потреби и интереси на детето, во согласност со Закон.

Член 23

Згрижувањето и воспитанието на децата во детската градинка се организира во групи, во зависност од возраста по правило во хомогени групи, и тоа:

1. до 12 месеци …….од 6 до 8 деца;
2. над 12 месеци до 18 месеци…од 8 до 10 деца;
3. над 18 месеци до 2 години…од 10 до12 деца;
4. над 2 години до 3 години од 12 до 15 деца;
5. над 3 години до 4 години од 15 до 18 деца;
6. над 4 години до 5 години од 18 до 20 деца;
7. над 5 години до 6 години од 20 до 25 деца.

По исклучок од ставот 2 на овој член, во зависност од возраста на децата, може да се организира:

1.хетерогена група:

-до две години……. од 10 до 12 деца ;

-од две години до поаЃање во основно училиште.. од 18 до 20 деца;

2.комбинирана група:

-од 12 месеци до поаЃање во основно училиште…. од 15 до 20 деца;

3.група деца со пречки во развојот …… од 5 до 8 деца;

4.група деца од шест години односно од поаѓање во основно нучилиште до десет години ….од 15 до 20 деца.

Во групите од став 1 и 2 точки 1 и 2 на овој член може да се вклучи едно дете со лесни пречки во менталниот развој или телесна попреченост, во кој случај бројот на децата во групите се намалува за две деца.

По исклучок, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста, детската градинка во групите може да има поголем број на деца, односно помал број на деца утврдени во ставовите 2 и 3 на овој член, за што согласност дава основачот на градинката

Член 24

Детската градинка донесува ГодиШна програма за работа најдоцна до 30 Септември во тековната година за наредната година.

Годишната програма за работа особено содржи: организација и работно време на градинката, програмите на детската градинка, распоредување на децата во групи, работата на директорот и стручните и други работници, соработка со родителите, соработка со воспитно-образовни, спортски, здравствени, културни, научни и други установи, фондации, здруженија, активности за вклучување на децата во градинка, перманентно стручно усовршување на вработените, работа на стручните органи и други работи за остварување на дејноста.

Годишната програма за работа ја подготвуваат стручните органи, врз основа на мислење од Советот на родители.

Член 25

Детската градинка заради зачувување и унапредување на здравјето на децата ја следи дневната здравствена состојба на децата, соработува со установи надлежни за здравствена заштита на децата и спроведува превентивни мерки за заштита на здравјето на децата.

Детската градинка има обврска во случај на појава на нарушување на нормалната здравствена состојба да го извести родителот на детето, а во случај на поголем број на заболени деца, веднаш да ги извести надлежната здравствена установа и Министерството.

Член 26

Во Детската градинка се употребуваат прирачници како воспитно-образовни материјали за реализација на активностите од страна на згрижувачко воспитниот кадар, како и детски списанија кои се во функција на истите активности.

Решение за одобрување и употреба на прирачниците и детските списани ја донесува министерот, по претходно мислење на ПедагоШката служба.

Член 27

Детската градинка има развоен план.

Развојниот план е стратеШки план за развој кој ги содржи приоритетите за остварување на дејноста, планот и носителите на активности.

Развојниот план го изработува директорот за период од три години а го усвојува Управниот одбор.

Индикаторите за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план ги пропиШува Министерот.

3.ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Член 28

Детската градинка дејноста ја остварува во три објекти и четири воспитни групи просторно сместени во други услови, и тоа:

-Објект ,,Управна зграда,, на ул. ,,Ацо Караманов,, бр. 54 во Радовиш;

-Објект ,,Цветови,, на ул. ,,Илија Алексов,, бб во Радовиш;

-Објект ,,Детско изворче,, на ул. Плоштад ,,Слобода,, бр. 10 во Радовиш;

-во други просторни услови во ПУ ,,Орце Николов,, во с. Воиславци (една просторија;

-во други просторни услови во ПУ ,,Орце Николов,, во с.Калугерица (една просторија;

-една воспитна група во ПУ ,,Орце Николов во с. Ињево,

-една воспитна група во ПУ ,,Св. Кирил и Методиј,, во с. Ораовица.

Член 29

Во состав на Детската градинка може да се формира Центар за ран детски развој со одлука на основачот и под услови утврдени со Закон.

Детската градинка може да се преобрази во јавен центар за ран детски развој со одлука на основачоти под услови утврдени со закон.

Јавен центар за ран детски развој може да се преобрази во Детска градинка со одлука на основачот и под услови утврдени со закон.

Член 30

Вработените во Детската градинка кои вршат работи од јавен интерес согласно закон, имаат статус на јавни службеници.

Вработените во Детската градинка кои вршат готварски, помошни и технички работи, немаат статус на јавни службеници.

Член 31

Работното време на вработените во детската градинка изнесува 40 часа во неделата.

Работното време утврдено во ставот 1 на овој член, заради природата на работа на воспитувачот и негователот, се распоредува на работно време поминато со деца и останато работно време за други програмски активности.

Работното време поминато со децата, како дел од вкупните програмски активности, во ранките на полното работно време од ставот 1 на овој член за воспитувачот изнесува 30 часа во неделата, а за негователот 35 часа во неделата.

Основната плата, надоместокот на плата и надоместокот на трошоците поврзани со работата се пресметуваат и исплатуваат на вработениот врз основа на работното време од ставот 1 на овој член, како и евиденцијата што ја води работодавачот.

Распоредот на работното време на вработените во рамките на 40-часовната работна недела во јавните установи за деца се утврдува со акт на Министерот.

Почетокот и завршетокот на работното време на детската градинка со акт го утврдува Советот на Општината.

4. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

УПРАВЕН ОДБОР

Член 32

Орган на управување во детската градинка е Управен одбор.

Управниот одбор во детската градинка е составен од седум члена, и тоа:
тројца претставници од основачот, еден претставник од установата, двајца претставници од родителите на децата и еден претставник од министерството.

Претставниците на основачот на детската градинка ги именува и разрешува Советот на Општината.

Претставникот на Установата го предлага Стручниот совет на установата, врз основа на стручност и компетентност, а го избира и разрешува основачот во постапка пропишана со Статутот на Установата.

Претставниците од родителите на децата ги предлага Советот на родители, а ги именува и разреШува основачот по постапка пропишана со Статутот на
Установата.

Претставникот на министерството го предлага министерот, а го именува и разрешува основачот.

Претставниците од основачот, министерството и родителите не можат да бидат од редот на вработените во установата.

Член 33

Претставникот во Управниот одбор од Детската градика го предлага Стручниот совет од редот на вработените кои вршат стручни работи во детската градинка врз основа на стручност и компетентност.

Предлогот за претставник во Управниот одбор, Стручниот совет го врши со јавно гласање, со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Стручниот совет.

Предлогот за претставници од родителите на децата во Управниот одбор
на детската градинка го донесува Советот на родители од своите редови, со јавно гласање, и мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот на родители.

Член 34

Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од четири години.

Мандатот на членовите на Управниот одбор почнува да тече од денот на неговото конституирање.

Конститутивната седница на Управниот одбор ја свикува и до изборот на претседател на Управниот одбор претседава најстариот член.

Член 35

Управниот одбор на детската градинка ги врши следните работи:

-донесува Статут на детската градинка;

-предлага Годишна програма за работа и Извештај за работа до Советот на општината;

-предлага Финансиски план до Советот на општината;

-предлага Годишна сметка до Советот на општината;

-усвојува развоен план на Детската градинка;

-објавува јавен оглас за избор на директор на Детската градинка;

-врши интервју со кандидатите за директор;

-предлага на градоначалникот на општината еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;

-донесува акт за внатрешна организација и систематизација на работните места во установата на кој согласност дава советот на општината;

-го утврдува износот на надоместокот на трошоците за престој во детската градинка што паѓа на товар на родителите чии деца престојуват во градинка, на што согласност дава Советот на општината;

-одлучува по приговори и жалби на вработените;

-одлучува по жалби на корисниците на услугите;

-донесува Деловник за работа на Управниот одбор;

-формира постојани и повремени комисии за определени прашања поврзани со работењето на Детската градинка;

-разгледува и одлучува и за други работи утврдени со закон и Статут.

Во работата на Управниот одбор учествува директорот на Детската градинка без право на глас.

Член 36

Со Управниот одбор раководи претседател на Управниот одбор, а во случај на отсутност или спреченост го заменува негов заменик

Претседателот на Управниот одбор и неговиот заменик се избираат по предлог на членовите на Управниот одбор со јавно гласање и со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Претседателот на Управниот одбор ги закажува седниците на одборот и раководи со истите согласно утврдениот дневен ред.

Управниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 37

Седниците на Управниот одбор ги свикува претседателот на Управниот одбор по сопствена иницијатива, по барање од најмалку четири члена од Управниот одбор или на иницијатива на директорот на детската градинка.

Член 38

Мандатот на член на Управен одбор може да му престане пред истекот на времето за кое е именуван ако биде разрешен од орган кој го именувал.

Предлог за разрешување на член на Управен одбор пред истекот на времето за кое е именуван донесува Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Управниот одбор Ќе донесе предлог за разрешување на член на Управниот одбор пред истекот на времето за кое е именуван во следните случаи:

-нередовност или спреченост да учествува во работата на Управниот одбор;

-ако престанал основот за именување;

-ако работи спротивно на статутот, закон и други акти на детската градинка;

-на лично барање.

Управниот одбор за претставниците на основачот, на министерството, претставниците на родителите и претставникот на Установата, може да поднесе иницијатива за разрешување до Советот на општината за случаите од став 3 алинеи 1,2и 3 од овој член.

Член 39

Одлука за отпочнување на постапка за именување претставници во Управниот одбор на детската градинка се донесува најдоцна 30 дена пред истекот на времето за коие се именувани претставници на Управниот одбор.

Член 40

Работата на Управниот одбор поблиску се уредува со деловник за работа на Управниот одбор.

ОРГАН НА РАКОВОДЕЊЕ

Член 41

Директорот е орган на раководење на детската градинка.

Директорот ја организира и раководи со работата на детската градинка,
самостојно донесува одлуки, од делокругот на неговата надлежност и актите на Установата, ја застапува установата пред трети лица и е оидговорен за законитоста и работата на Установата.

Директорот на Детската градинка се избира, односно именува за време од четири години.

По истекот на рокот од став 3 на овој член истото лице има право на уште еден мандате едноподруго, а можност за повторен избор, односно именување истото лице има по истекот на четири години од неговиот последен избор, односно именување.

Член 42

За директор на детска градинка може да биде именувано лице кое покрај општите услови утврдени со закон, и условите утврдени во членот 142 од Законот за заштита на децата е со високо образование (со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен ВИИ 1 степен) и ги исполнува условите утврдени во членот 135 од Законот за заштитан а децата за воспитувач, за стручен работник, за стручен соработник, лице со завршен Филилишки факултет-наставна студиска програма и специјалистички студии за предучилиШни педагози, правник и економист со високо образование (со стекнати 240 кредити спортедц ЕКТС или завршен ВИИ 1 степен) и над четири години работно искуство по дипломирањето и поседува важечка лиценца за директор за установа за деца.

Кандидатот за директор на детска градинка задолжително доставува и Програма за работа на детската градинка.

Директорот на детската градинка се именува врз основа на јавен оглас, кој го објавува Управниот одбор во јавните гласила и трае 8 дена од денот на објавувањето.

Член 43

Градоначалникот, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, донесува Одлука Управниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор,

Во објавениот јавен оглас се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Член 44

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до Управниот одбор.

Член 45

Пристигнатите документи на пријавените кандидати ги прегледува три члена Комисија избрана од Управниот одбор, чиј состав и надлежност се утврдуваат со овој Статут.

Комисијата од став 1 на овој член е составена од три члена врз основа на стручност и компетентност, во чиј состав влегува и еден претставник на Управниот одбор.

Комисијата е должна во рок од пет дена по завршувањето на огласот да ги разгледа пристигнатите документи, и за тоа изготви Записник

Изготвениот записник, и целокупната документација на кандидатите кои ги исполнуваат условите по објавениот оглас за избор на директор ја доставува на понатамошно разгледување до Управниот одбор на Детската градинка, согласно закон и овој Статут.

На кандидатите кои неги исполнуваат условите за избор на директор согласно објавениот оглас, ај се враќаат документите со образложение.

Комисијата работи и одлуки донесува во полн состав, со мнозинство на гласови.

Член 46

Управниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите, согласно со одредбите во Статутот на Детската градинка.

Управниот одбор врши интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите.

Управниот одбор во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите на градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Член 47

Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на директор на детската градинка.

Доколку градоначалникот во рокот утврден во ставот 1 на овој член не избере директор, е должен во рок од три дена да го извести Управниот одбор.

Член 48

Управниот одбор во рок од седум дена од денот на приемот на известувањето од градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на предлогот да го избере кандидатот предложен од Управниот одбор.

Член 49

Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор до Државната комисија за одлучување во Управна
постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Против одлуката на Комисијата од ставот 1 на овој член кандидатот има право да поведе управен спор.

Член 50

Директорот на Детската градинка:

-ја организира и раководи со работата на детската градинка;

-самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност и актите на детската градинка;

-ја застапува детската градинка поред трети лица и е одговорен за законитоста и работата во детската градинка ;

-ја предлага предлог-годишната програма за работа на Управниот одбор и презема мерки за реализирање на годишната програма за работа;

-ги извршува одлуките на Управниот одбор;

-одлучува за засновање и престанок на работен однос на вработени за вршење на дејноста, согласно со закон, актите на градинката и колективниот договор;

-врши распоредување на работници;

-го изработува и предлага развојниот план на Детската градинка;

-поднесува извештај за работа на детската градинка во текот на годината до Управниот одбор и основачот;

-поднесува извештај за реализација на Годишната програма за работа до Управниот одбор, основачот и министерството;

-поднесува извештај за реализација на материјално-финансиското работење на детската градинка до Управниот одбор и до основачот и е одговорен за материјално-финансиското работење;

-поднесува извештај за реализација на програмите до Управниот одбор, основачот и министерството;

-формира постојани и повремени комисии за определени прашања поврзани со работењето и организирањето на работата;

-врши други работи предвидени со закон, Статут и други акти на детската градинка.

Член 51

Директорот на Детската градинка може да биде разрешен:

-на лично барање;

-ако не го спроведува законот и општите акти донесени согласно со законот;

-ако не ја остварува Годишната програма за работа на детската градинка;

-ако по негова вина е нанесена штета на децата, на нивните родители или
старатели, на детската градинка, на основачот или на државата;

-ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на детската градинка;

-ако дозволи организирање на дејноста спротивно на закон, општите акти донесени согласно со закон и Годишната програма за работа , и во други случаи утврдени со закон.

Член 52

Доколку попстојат одредени сознанија за постапување на директорот согласно со одредбите од членот 48 алинеи 2,3,4,5 и 6 од овој Статут, Управниот одбор на Детската градинка свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот.

Директорот има право, во рок од седум дена од приемот да се изјасни за наводите во заклучокот.

Доколку Управниот одбор на Детската градинка од ставот 1 на овој член не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од три дена и во присуство на претставник од научна или специјализирана стручна установа, односно стручен или друг орган кој го определува министерот во зависност од видот на постапувањата од став 1 на овој член врши и слушување на директорот

Претставникот дава мислење за оправданоста за разрешување на директорот.

Доколку Управниот одбор оцени дека е неопходно, во рок од седум дена доставува предлог до Градоначалникот за разрешување на директорот.

Градоначалникот е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на предлогот од Управниот одбор да го разреши директорот.

Разрешениот директор, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, има право на жалба во однос на спроведувањето на постапката до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Против одлуката на Комисијата од став 6 на овој член, разрешениот директор, има право на тужба до надлежниот Основен суд.

Член 53

Ако директорот на Детската градинка биде разрешен пред истекот на мандатот, или предвреме му престане мандатот по било кој основ, како и во случај кога не е избран за директор, Градоначалникот на опШтината во рок од три дена од денот на престанокот на мандатот на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените во Детската градинка кој ги исполнува условите за директор, и кој ги врши работите на директор до именувањето на нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото име нување.

Член 54

Директорот на детската градинка кој е разрешен од директор, или не е повторно именуван за директор, има права и обврски од работен однос согласно закон.

5. СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Стручен совет

Член 55

Стручен орган во Детската градинка е Стручен совет.

Стручниот совет го сочинуваат директорот и стручните работници како постојани членови и претставници на вработените кои врШат стручни работи во Детската градинка и по два претставника од објектите на Детската градинка, од кои еден воспитувач и еден неговател

Со стручниот совет раководи директорот.

Член 56

Членовите на Стручниот совет-претставници од објекти се избираат на состанок на Совет на воспитувачи и Совет на негователи.

Мандатот на членовите на Стручниот совет-претставници на вработените кои вршат стручни работи трае 1 година.

Член 57

На членовите на Стручниот совет, претставници од објектите, мандатот на претставник во Стручниот совет им престанува:

-кога членот Ќе го промени објектот во кој работи во Детската градинка;

-спреченост да учествува во работата на Стручниот совет;

-на лично барање на вработениот.

Член 58

Во случај на разрешување на член-претставник на вработените во Стручниот совет, се врши именување на нов претставник од истиот опбјект од каде е разрешен дотогашниот претставник.

Стручниот совет работи на состаноци кои ги свикува и со нив раководи директорот на Детската градинка, како и по барање на 1/3 од членовите на Стручниот совет.

Записниците од состаноците на Стручниот совет ги води записничар, кој го избираат членовите на Стручниот совет од своите редови со јавно гласање и мнозинство гласови.

Член 59

Директорот на Детската градинка поканите со предложениот дневен ред за свикување на Стручниот совет заедно со останатите материјали ги доставуа до членовите три дена пред денот определен за одржување на состанокот.

По исклучок, доколку состанокот е свикан поради итни и неодложни работи дневниот ред се предлага и утврдува на самиот состанок

Член 60

Стручниот совет ги врши следните работи:

-утврдува стру чни основи за остварување на програмата за работа;

-дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата за работа и условите за работа;

-именува и разрешува претставник на детската градинка во Управниот одбор од редот на вработените коиу вршат стручни работи,

-ги разгледува програмите за работа и превзема мерки за нивно извршување;

-ги разгледува извештаите од извршен стручен надзор над реализирањето на програмите и предлага соодветни мерки;

-ги утврдува потребите по објекти од игровен, дидактички и друг материјал за работа со деца, како и потребите од основни средства и потрошен материјал за нормално реализирање на дејноста;

-го разгледува планот за стружно усовршување на кадарот во детската градинка и

-врши и други работи кои се од интерес за непречено функционирање на дејноста.

Стручни тела

Совет на воспитувачи

Член 61

Советот на воспитувачи го сочинуват сите воспитувачи на детската градинка.

Со советот на воспитувачи раководи и го свикува директорот на детската градинка.Советот на воспитувачи ги врши следните работи:

-го усогласува распоредот на работењето на воспитувачите во детската градинка;

-разгледува содржини за работа согласно програмите;

-ја реализира програмата за стручно усовршување;

-учествува во подготовките и реализацијата на програмата за работа и другите форми за работа со децата;

-соработува со Советот на родители и Советот на негователи;

-врши и други работи кои произлегуваат од реализиртањето на програмите и другите форми на остварување на дејноста.

Совет на негователи

Член 62

Советот на негователи го сочинуваат сите негователи на детската градинка.

Со Советот на негователи раководи директорот на детската градинка.

Советот на негователи ги врши следните работи:

-го усогласува распоредот на работењето на негователите во детската градинка;

-ја реализира програмата за стручно усоврШување на негователите во дет
ската градинка;

